**ОПШТИНА ОХРИД**

**УПАТСТВОЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2025 година

**Содржина**


1. Вовед
2. Цели на програмата
3. Критериуми
4. Финансирање
5. Подобност накандидати
6. Подобност на трошоците
7 . Придонес од апликантите
8. Временскирок на Програмата
9. Начин на пријавување и процедури што треба да се следат
10. Оценување и избор на пријавите

## 1. Вовед

**Програмита за подрршка на локалениот економски развој и туризмот** се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените програмски документи.

Општата цел на овој повик за предлози е зајакнување на граѓанското општество и микрозаедниците во општина Охрид преку спроведување на иницијативи поврзани со одржлив развој на заедницата, рурален развој и животна средина; зачувување на културното наследство и развој на туризмот.

Специфичната цел на микропроектите е поддршка на социјалниот и економскиот развој. Тие треба директно **да помогнат** во социјалниот и економски развој на микрозаедниците, граѓанскиот сектор и жителите на општина Охрид. Имајќи ја во предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот на функционирање, Програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и превзема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој и туризмот.

## 2. Цели најавниот повик за 2025 година се реализира во следните главни насоки на дејствување:

**I.** Зајакнување на локалниот економски развој и туризмот, преку воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите.

**II.** Поддршка на локалниот економски развој и туризмот преку партиципативно учество на заедницата од општествена важност и кои произлегуваат од заедницата; активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на физички лица производители, фармери; градење на партнерства и соработки, поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија, преземање на активности во насока на рационална употреба на ресурси и др.

**III.** Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално ниво со цел да се создадат конкурентни туристички производи.

**IV.** Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО.

**Ставки кои генерално се поддржуваат:**

Вид на проекти кои претставуваат општо добро за микрозаедницата а со тоа и за општината.

**Инфраструктура од мал обем:**

• Копање или реновирање на едноставен бунар /постројка за снабдување со вода за пиење/изградба на систем за наводнување/каптажа/набавка на резервоар за вода, неповратна помош за водовод;
• Расчистување на водотеци, канали;
• Набавка на апарат за чистење на вегетација, улици или друг вид на јавна површина;
• Набавка на пумпа/генератор/дупчалка.
• Уредување на јавни површини во селски средини,

**Подобрување на условите за живот и заштита на животната средина:**

• Уредување на јавни површини, огради, зидови,
• Заштита на животна средина и програми за обуки за животна средина, на пр. акции за засадување на дрвја;
• Набавка на светлечки тела врз база на обновливи извори на енергија;

**Мала туристичка инфраструктура за рурален, активен и еко туризам, промоција и заштита на културно наследство:**

- Набавка и поставување на патокази, инфо табли; заштитна опрема,
- Расчистување и обележување на постоечки или нови пешачки патеки;
- Активности за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, селски домови, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви и сл.)
- Активности за естетско и хортикултурно уредување на јавни површини и урбана опрема (цвеќиња, садници, паркови, детски игралишта, спортско-рекреативни површини и сл.)
- Активности за поддршка на микро саемски промоции, манифестации и промотивни настани за туристичка промоција.

**3. Критериуми**

Согласно Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и Подстратегијата за рурален развој на Општина Охрид, прифатливи ќе бидат оние проекти кои се во корелација со стратешките цели и приоритети на овие документи. Предност ќе им се дадат на проектите кои опфаќаат активности од областите:

| Програма | Мерка | Подмерка |
|---|---|---|
| **1. Поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2025** | Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2025 | 1.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој |
| **2. Поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2025** | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | 2.1. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој |

- **Посебен акцент треба да се даде на одржливоста, која предвидува развој без штетно влијание на животната средина, културното и природното наследство, какои управувачка и финансиска одржливост на проектот.**

Апликантите треба во апликациониот формулар задолжително да наведат со која мерка и подмерка се поврзани активностите од предложениот проект.

**4. Финансирање**

- Вкупниот износ за овој повик изнесува **2.500.000.00 МКД.**

- Финансиските средства по поединечно барање се доделуваат како неповратна финансиска поддршка (грант).

- Максималниот износ за подршка по проект изнесува **300.000,00 МКД.** За сите проекти задолжително е кофинансирање во износ од најмалку **10%** од вкупната вредност на проектот. Доделените средства се користат исклучително за намената за која ќе бидат доделени средствата и на начин определен во проектниот предлог.

- Исплатата на одобрените средства ќе се врши во рок од 30 дена од поднесувањето на финалниот финансиски и финалниот наративен извештај од страна на апликантот на проектот и нивно одобрување од страна на Комисијата за евалуација и надзор на проектите.

- Барањата за исплата можат да бидат поднесени и **по фази на реализација**, (**најмногу во две фази)**, односно за секоја завршена фаза на проектот може да се достави наративен и финансиски извештај за спроведената фаза, за што се поднесува и барање за исплата за завршената фаза. По негово одобрување од страна на Комисијата, се врши исплата на бараните средства по однос на одобрениот фазен извештај.

- По завршувањето на сите проектни активности во рок од 15 дена апликантот е должен да достави финален наративен и финансиски извештај.

- Апликантот е должен целата проектна документација да ја чува во период од 5 години.

**5. Подобност на кандидати**

- Кандидати кои можат да аплицираат се здруженија на граѓани со седиште во општина Охрид како матична општина каде и ќе се спроведуваат проектните активности.

- Во проектот можат да бидат вклучени повеќе партнери при што треба јасно да биде нагласено кој е водечки партнер во проектот (Апликант). Во случај на повеќе проектни партнери тие треба да достават Договор за меѓусебно партнерство.

- Водечкиот подносител ја има главната одговорност за координирање и реализација на проектот вклучувајќи финансиски менаџмент и подготовка на извештаи.

- Сите проектни партнери треба да достават извод од тековна состојба на правниот субјект од Централниот регистар не постар од 6 месеци.

- Една организација може да биде партнер или да даде поддршка само на еден апликант и проект.

- Организации кои се партнери во еден проект не можат да аплицираат како водечки партнер со друг проект.

- Здруженијата (апликантите) да се регистрирани најмалку една година пред објавата на повикот.

- Еден ист апликант на повикот може да учествува само со еден проектен предлог. Во спротивно, апликациите нема да се земат во предвид за разгледување.

- Пријавите може да се однесуваат и на проекти кои се реализираат во повеќе фази и се наоѓаат во одредена фаза на имплементација со претходно утврдување на постоечката состојба од страна на комисијата за евалуација на проектите при што со проектот нема да се финансираат претходно реализирани и завршени активности.

**6. Подобност на трошоците**

Единствено подобните трошоци ќе се земат во разгледување за грант. Буџетот на пријавата претставува проценка на трошоците и лимит за подобните трошоци.

Во текот на процесот на проценување на предложениот буџет на пријавата ќе се разгледуваат и евентуални аритметички грешки, нереални трошоци или несоодветни трошоци.

Комисијата за евалуација и надзор на проектите го задржува правото да побара појаснување што може да доведе до барање за измени или намалувања на буџетот со цел да се корегираат таквите грешки и нереални трошоци.

**За подобни нема да се прифатат следните видови трошоци:**

- Исплаќање долгови,
- Буџетски ставки финансирани од друг донатор,
- Кредити за трети страни.
- Активности завршени пред потпишување на договорот и несоодветни активности во однос на вкупниот предложен буџет на проектот.
- Хонорари за проектен тим,
- Позајмици/уплати во револвирачки кредитни фондови;
- Купување на земјиште;
- Опрема од типот на лаптопи/фотокопирни апарати и сл.
- Информативни брошури, фотографии

**7. Придонес од апликантите**

Проектните предлози треба да содржат информација за партиципацијата на кандидатите во севкупна вредност од најмалку 10% од предложениот буџет. Деталите во врска со партиципацијата треба јасно да бидат изнесени во предлог буџетот во апликациониот формулар.

Придонесот од страна на апликантите всушност го претставува трошокот кој што го сноси кандидатот (кандидатите) и треба да биде наведен во посебниот буџет. Придонесите од страна на апликантите можат да бидат платите на кадарот назначен за проектот, изнајмување простории, употреба на опрема, извршени услуги, работни акции, набавка (донација) на стоки и сл. Во финалниот наративен и финансиски извештај апликантот за сопствениот придонес треба да приложи докази (документ со кој што ќе го потврди сопствениот придонес, како на пример копии од договори за волонтерство, изјави за донација потпишани од донаторот и подносителот на пријавата).

**8. Временски рок на Програмата**

Крајниот рок за реализација на проектните активности, како и поднесувањето на финалниот финансиски и финалниот наративен извештај од страна на апликантот на проектот до општина Охрид-Сектор за ТЛЕР е најдоцна до **31.10.2025** година.

**9. Начин на пријавување и процедури што треба да се следат**

Заинтересираните мора да ги поднесат своите предлози користејќи го формуларот за пријавување кој што е достапен на http://www.ohrid.gov.mk.

Комплетната проектна документација треба да ги содржи следниве документи:

- Пополнет **„Апликационен формулар со буџет“** – кој е достапен на веб страната на општина Охрид *www.ohrid.gov.mk*;
- Копија од тековната состојба на правните субјекти (апликанти и партнери) од Централен регистар (не постара од 6 месеци);
- Доколку апликантот има партнер во проектот, во прилог на документацијата треба да достави и меморандум за соработка и договор за соработка (партнерство) и сл.
- Електронска верзија на проектниот предлог доставена на CD или УСБ.

Проектната документација треба да биде доставена во еден(1)примерок во оригинал и две (2) копии.

**Крајниот рок за прием на пријавите е 15 дена од денот на објавување на веб страната на општина Охрид до 14:30 часот.** Секоја пријава што ќе пристигне по завршувањето на крајниот рок ќе биде автоматски одбиена.

Комплетната документација да се достави на адреса:

**ОПШТИНАОХРИД**
**Сектор затуризам и ЛЕР**
**ул.ДимитарВлахов бр.57**
**6000 Охрид**
**со назнака:**

**“JAB Е Н ПО В ИК–**
**ЗАФИНАНСИРАЊЕ НАПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТАНА ОДРЖЛИВИОТЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2025 година“**

## 10. Оценување и избор на пријавите

Пријавите коишто ги исполнуваат сите барања наведени во ова упатство ќе се разгледуваат од страна на Комисијата за евалуација и надзор на проектите.

Резултатите од изборот ќе бидат објавени на веб сајтот на општина Охрид, http://www.ohrid.gov.mk.

Процесот на избор и проценка ќе се изврши во согласност со утврдените критериуми, во прилог:

### Административна проверка

- ✓ **Краен рок**: ако пријавата е доставена во зададениот краен рок, датум и час, ќе се прифати, ако не е, пријавата нема да се разгледува;
- ✓ **Формулар за аплицирање:** формуларот е поднесен во бараниот образец и е целосно пополнет согласно дадените насоки во упатсвото;
- ✓ **Буџет:** буџетот е поднесен во зададениот формат согласно дадените насоки во упатството;
- ✓ **Прилози:** сите прилози да се уредно доставени;
- ✓ **Оригинал и копии:** поднесениот формулар и буџет, заедно со сите прилозисе поднесени во 1 оригинал, 2 копии од апликациониот формулар и во електронска форма на CD или на USB;

### Проверка за подобност

- ✓ **Главен апликант:** организацијата е регистрирана во земјата согласно ЗЗФ најмалку три години пред објавата на повикот и да е со седиште на територија на општината Охрид.
- ✓ **Главен апликант:** Референтна листа на реализирани проекти во последните две години
- ✓ **Главен апликант:** една организација се јавува со еден предлог-проект;
- ✓ **Партнер:**организацијата е регистрирана во земјата согласно ЗЗФ три години пред објавата на повикот, да е со седиште на територија на општината Охрид или представува месна /урбана заедница во состав на локалната самоуправа – општина Охрид.
- ✓ **Тековна состојба**: поднесена е тековна состојба не постара од 6 месеци за главниот апликант и за партнерот;
- ✓ **Предлог проектите:** да бидат во согласнот со мерките и подмерките на овој јавен повик,
- ✓ **Барање за грант:** бараниот грант не го надминува максималниот износ за проект на овој повик.

**Временска рамка:** временската рамка за спроведување на активностите во предлог проектот е максимум 6 месеци од датумот на потпишување на договорот.

| Критериуми за оценка на квалитет | Максимум бодови |
|---|---|
| **1.Оперативен(административни и финансиски)и капацитет за менаџмент** | **20** |
| 1.1 Дали подносителот и партнерите (ако се вклучени)имаат доволно искуство за проектен менаџмент? (Референтна листа на реализирани проекти во последните две години, со опис на активностите, донаторот и буџетот на проектот). | 20 |
| **2.Релевантност на проектот** | **30** |
| 2.1 Колку е релевантен проектот за целите на повикот? | 10 |
| 2.2 Колку јасно се дефинирани и обработени активностите на проектот | 10 |
| 2.3 Усогласеност на активностите од Проектот со програмите за работа на Општина Охрид за 2025 година. | 10 |
| **3.Методологија** | **15** |
| 3.1 Дали предложените активности се соодветни, практични и дали ќе придонесат за очекуваните резултати? | 10 |
| 3.2 Дали временскиот план е јасен и реален? | 5 |
| **4.Придобивки-влијание-одржливост** | **25** |
| 4.1 Дали очекуваните резултати од предлогот се одржливи:<br>- финансиски (како ќе се финансира по завршување на финансирањето на проектот?<br>- институционално ( дали избраната форма ќе овозможи активностите да продолжат по завршување на грантот? | 10 |
| 4.2 Дали во проектот се директно вклучени микрозаедниците, жените и младите како целна група? | 15 |
| **5.Буџет и трошковна ефективност** | **10** |
| 5.1 Дали сопствениот придонес на подносителот е на потребниот минимум и Дали буџетските трошоци се во согласност со проектините активности? | 10 |
| **Вкупно** | **100** |

Комисијата за евалуација и надзор на проектите согласно горе наведените критериуми ќе ги оценува апликациите кои ќе ја поминат административната проверка и проверката за подобност. Проектните предлози кои ќе освојат **минимум 51 поен**, ќе се сметаат за успешни и подобни за финансирање.

Барањето за користење на средства од оваа програма и доставената документација НЕ СЕ ВРАЌААТ. Заради извршувањето на контролата на терен од страна на комисијата на Секторот за туризам и ЛЕР, потребно е барателот да има кај себе копии од целокупната документација доставена на јавниот повик.

Подетални информации може да добиете на email:info@ohridler.gov.mk

Општина Охрид

Сектор за ТЛЕР